СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
-Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори-
Бр.37-635/2
19.4.2017 год.
Скопје

З А П И С Н И К
од седница на Собранието на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори одржана на 19април 2017 година

Со седницата раководеше претседателот на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори Владо Момировски а се работеше по следниот

Д н е в е н р е д

1. Информирање за досегашните активности за изработка на нов закон за управување со отпад во согласност со директивата на ЕУ за управување со отпад 2008/98 и Регулативата 333/2011 и приоритетни подзаконски акти
2. Актуелни прашања од работењето на членките на Асоцијацијата поврзани со постојната законска регулатива;
3. Осврт врз активностите на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори во изминатата година и предлози за идни активности на Асоцијацијата;
4. Р а з н о.

На седницата, покрај членките на Асоцијацијата учествуваше и Ана К. Мазневска од Министерството за животна средина и просторно планирање - Управата за животна средина.

**<u>Прва точка</u>**

Раководителот на Секторот за управување со отпад при Управата за животна средина М-р Ана Каранфилова Мазневска, информираше дека кон крајот на минатата година започна Твининг проект „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад и директивите за посебните видови на отпад (пакување, батерии и отпад од електрочна и електронска опрема“ и истиот како резултат треба да постигне развиен нацрт Законот за управување со отпад во согласност со споменатите директиви.

Една од супштествените измени на законот за управување со отпад ќе се однесува на разграничувањето на отпадот од секундарните суровини, а како што истакна Мазневска ќе се смени хиерархијата на приоритети, при што првиот акцент ќе биде ставен на намалувањето на количините отпад коишто се создаваат. Асоцијацијата ќе даде свој придонес во донесување и имплементирање на новините во законот за управување со отпад и законите за посебните текови на отпад кои би приденеле во унапредување на дејноста управување со отпад, особено во делот на непречено движење на неопасниот отпад од зелената листа, без административни

процедури како дозволи и согласности, како што е праксата во земјите од европската унија. Асоцијацијата партиципира во овие активности и преку нејзиниот претседател во својство на член во Управниот одбор на проектот.

**Втора и трета точка**

По овие две точки од дневниот ред се водеше заедничка расправа. Основното прашање кое беше третирано во минатата и во досегашниот период од тековната година е поврзано со неповолната законска регулатива во делот на извозот, увозот и транзитот на отпад, која во голема мера го отежна работењето на субјектите кои вршат дејност на управување со неопасен отпад, како и на индустриските капацитети кои го користат како суровина .

Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад, којшто беше донесен на барање на Асоцијацијата во текот на минатата година, наместо очекуваната либерализација на тековите на отпадот од зелената листа, како што е впрочем регулирано во земјите од Европската унија, повторно ги остави согласностите за извоз, ивоз и транзит на отпад и ги ограничи стопанските субјекти во вршењето на дејноста, истакна во своето излагање во однос на минатогодишните активности претседателот на Асоцијацијата Владо Момировски. Неповолната регулатива предизвика значителни финансиски штети, особено кај индустријата која како основна суровина го користи старото железо.

Со цел надминување на овој проблем, Асоцијацијата предложи до Министерството за животна средина текст на Предлог Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад, но и натаму нема резултати од покренатите активности.

Во дисусијата беа посочени уште неколку битни прашања кои произлегуваат од недореченост во законската регулатива или од нејзино недоследно применување. Такви се прашањата со дадената законска можност на јавните комунални претпријатија да можат да отворат склад и да вршат рециклирање на неопасен отпад, примената на законот за управување со отпад во технолошко индустриските развојни зони, потребата од разграничување на комерцијалениот од комуналниот отпад.

На разрешувањето на овие прашања ќе биде ставен и главниот акцент на активностите во текот на оваа година, а како приоритетни се извојуваат разграничувањето на отпадот од секундарните суровини како и разграничување на комерцијалниот од комуналениот отпад.

До измените на законската регулатива и целосната либерализација на тековите на неопасениот отпад, од страна на Управата за животна средина ќе биде упатен уште еден допис до Канцеларијата на ЕУ во Скопје со цел нивен ангажман за надминување на прашањето на нотификациите преку известување на надлежните институции на ЕУ за измените и дополнувањата на Законот за управување со отпад.

По точката Разно немаше предлог за расправа.

Претседател,
Владо Момировски с.р.